Дневни билтени



# Извадок на дел од дневни настани 02.02.2019

На 31.01.2019 година во периодот од 07.00 часот до 08.30 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во куќа на улица „Киро Рогужаров‟ во Велес, која ја користи лицето Б.К.(69) од Велес. При претресот биле пронајдени и одземени пиштол „Pietro Beretta‟ калибар 7,69 мм, една рамка за пиштол со осум куршуми калибар 7.69 мм, пиштол непозната марка со дрвена рачка, една рамка за пиштол со седум куршуми калибар 7,65 мм и една кутија со 17 куршуми калибар 7,65 мм. По целосно документирање на случајот, против Б.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Радовиш, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, поднесе кривична пријава против Д.И.Л.(44) од Радовиш, Ј.А.(54) од Скопје, В.И.(43) од Скопје, М.Б.Т.(31) од Скопје, А.З.(51) од село Сулдурци, радовишко, К.И.(41) од Радовиш и Д.Г.(55) од село Покрајчево, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување", казниво по член 353 во врска со член 45 од Кривичниот законик на Република Македонија. Д.И.Л., Ј.А., В.И. и М.Б.Т., како членови на комисија за давање под закуп на земјоделско земиште во државна сопственост, по јавен повик од 01.09.2015 година за прибирање на понуди за површини до три хектари на Владата на Република Македонија, за неколку парцели постапиле спротивно на член 25-а став 2 и член 25-б од Законот за земјоделско земиште. За една катастарска парцела во Радовиш склучиле договор за закуп на земјоделско земиште со лице од Радовиш иако за таа парцела веќе имало склучен договор со друго лице. За друга парцела во Радовиш склучиле договор за закуп со лице од Радовиш иако таа парцела била во сопственост на приватно лице од Радовиш. За две парцели во село Ораовица склучиле договор за закуп на речно корито и за парцела во село Подареш склучиле Договори за закуп на земјоделско земјиште за одгледување на градинарски култури иако таа била запишана како катастарска култура пасиште. Петтопријавениот З.А., шестопријавениот К.И. и седмопријавениот Д.Г., како членови на комисијата за воведување во владение на договор за закуп, сите вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Подрачна единица Радовиш, по донесените Договори за закуп на земјоделско земиште изготвиле Записник за воведување во владение спротивно на член 32 од Законот за земјоделско земиште, односно го направиле без учество на геодетско стручно лице регистрирано како трговец поединец, овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи, кое врз основа на геодетски елаборат требало да изврши обележување на земјиштето. Комисијата, врз основа на вака изготвените договори за закуп на земјоделско земиште и записникот за воведување во владение на договорите за закуп, им овозможиле на лицата да се стекнат со против правна имотна корист од 40.293 денари на штета на буџетот на Република Македонија.

На 01.02.2019 година во 21.40 часот на крстосницата на булеварите „Србија", „12-та Македонска Бригада" и „3-та Македонска Бригада" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Ауди А4" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.И.(35) од Скопје и патничко возило „Тојота Ајго" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.И.(36) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Б.М.И.(32), сопатничка во возилото „Тојота Ајго". Со возило на Итна медицинска помош била пренесена во Ургентен центар комплексот клиники „Мајка Тереза", каде и била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.02.2019 година во 08.30 часот на локалниот пат село Габрово-Делчево, патничко возило ,,Пежо 206" со делчевски регистарски ознаки,

управувано од Б.Ј.(59) од село Габрово, изгубило контрола, удрило во брегот од десната страна на патот и се преввртел на кровот. Притоа, возачот Б.Ј. се здобил со тешки телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош бил префрлен во Медицинскиот центар Кочани и по укажаната помош бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје, каде му била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Делчево.

На 02.02.2019 година во 00.40 часот во Полициската станица Аеродром, В.М.(34) од Скопје пријавил дека на 01.02.2019 година во 22.15 часот на улица „Васко Карангелевски“ во Скопје бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 02.02.2019 година околу 09.30 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во населба Елен Камен во Струга, при изведување градежни работи, со повреди се здобил Џ.А.(49) од Струга и како последица на тоа починал. Според пријавеното, додека работел, Џ.А. бил удрен од црево кое се откачило од пумпа за бетонирање. Се преземаат мерки за рачистување на случајот.

На 01.02.2019 година околу 12.05 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на улица „Климент Охридски“ во Делчево настанал пожар во куќата на С.Е.(47). Пожарот бил предизвикан во делот кај оџакот. Во 12.40 часот екипа на Територијалната противпожарна единица Делчево го изгаснала пожарот. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Делчево.

На 01.02.2019 година во 23.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Н.(36) од село Стајковци, скопско, пријавил дека истиот ден околу 23.30 часот на парикнг пред ресторан на улица 1 во село Стајковци бил физички нападнат од И.Ѓ.(27) од село Брњарци, скопско. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 02.02.2019 година во 00.50 часот во Полициската станица Центар, М.М.(35) од Скопје пријавил дека на 01.02.2019 година околу 23.20 часот во угостителски објект на булевар „Св.Климент Охридски“ бил физички нападнат од Љ.Ј. од Скопје и неколку други лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 01.02.2019 година во периодот од 09.00 до 10.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домовите на Д.М.(81) и М.М.(74) на улица „Пионерска“ во Кавадарци. При претресот во домот на М.М. биле пронајдени и одземени еден пиштол „ВЗОР“ 50 калибар

7,65 мм и рамка со осум куршуми, кој го поседувал без дозвола. При претресот во домот на Д.М. биле пронајдени и одземени еден пиштол со куршуми, кој го поседувал без дозвола и еден пиштол со куршуми, кој го поседувал со дозвола. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 02.02.2019 година околу 01.30 часот во СВР Битола било пријавено дека во ресторан во Битола, П.Т.(25) од Битола со нож бил повреден на левата подлактица од страна на В.К. од Битола. По преземени мерки В.К. бил приведен во полициска станица, а по целосно расчистување на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2019 година во 23.00 часот во Полициската станица Аеродром, К.А.(19) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 22.10 часот во угостителски објект на булевар „Јане Сандански" во Скопје била физички нападната од А.М. од Скопје. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 02.02.2019 година околу 00.50 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека пред интернет клуб на улица „Маршал Тито", Н.С.(25) од Струга бил физички нападнат од повеќе лица. На Н.С. му била укажана помош во Медицинскиот центар Струга. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

На 01.02.2019 година во Полициската станица Струга е приведен А.А.(39) од село Франгово, струшко затоа што упатувал закани по животот на 45-годишна жена од Струга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2019 година во 16.45 часот во Полициската станица Центар, М.А.(27) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 11.00 часот од домот во непознат правец се оддалечил нејзиниот татко А.А.(64). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.02.2019 година околу 03.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека тројца непознати сторители извршиле разбојништво на бензинска пумпа во село Ново Село и одзеле околу 12.000 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)